РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2647/1
17-08-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2470/1 од 18.09.2024 година, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа не е констатирана повреда на закон при именувањето на пријавеното службено лице --------- ----------------- за вршител на должноста директор на правниот субјект ЈЗУ „Здравствен дом" – -------- --------.

Предметот со број 12-2470/1 од 18.09.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител, на ден 18.09.2024 година, е поднесена е пријава со наводи дека за вршител на должноста директор на здравствена установа било именувано лице кое не ги исполнувало законски пропишаните услови, по која е оформен предмет со број 12-2470/1 од 18.09.2024 година. Имено, според пријавата за вршител на должноста директор на ЈЗУ „Здравствен дом" – -------- -------- било назначено лице со завршено средно образование кое доаѓа од позицијата медицинска сестра, без да го исполнува законскиот услов од минимум пет години работен стаж во струката.

Државната комисија заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба достави барања за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за труд, од чија страна не биле констатирани неправилности кај субјектот на надзорот по што барањето било проследено на надлежно постапување до Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на доставената документација утврдено е следното:

Лицето ----------- ----------- со работодавачот ЈЗУ Здравствен дом ----------- ------ склучила договор за вработување на неопределено време на 11.08.2014 година, за вршење на работи на работното место медицинска сестра за работа во селски средини во Службата за примарна здравствена заштита во селски средини – рурален доктор. При вонреден инспекциски надзор над субјектот ЈЗУ Здравствен дом ----------- ------ извршен на ден 05.09.2025 година од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат ПО --------, до кого претставката по која е оформен предметот била проследена на 18.08.2025 година од Државниот инспекторат за труд, во Записник ИП1 -------било констатирано дека лицето -------- ----- ------------------------, в.д. директор на ЈЗУ Здравствен дом ----------- ------, првпат била именувана за вршител на должноста директор со Решение на Министерството за здравство од 13.08.2024 година. Со Решение на Министерството од 13.02.2025 година повторно била именувана за вршител на должноста директор, до именување на директор по распишан конкурс, и со Решение од 13.08.2025 година уште еднаш е именувана за вршител на должноста директор. При надзорот бил извршен увид во документацијата при што било констатирано дека според Уверение од 30.12.2016 година лицето завршило студиска програма од прв циклус на студии на Правен факултет ----------- и стекнало стручен назив дипломиран правник со 240 кредити и дека според Уверение од 19.06.2024 година завршило втор циклус на студии на Факултет за правни науки ------ -------- на ------------ ------------------- универзитет и стекнало стручен назив магистер по правни науки – граѓанско право со 60 кредити; во моментот на именувањето на лицето со правосилна судска пресуда не му била изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; лицето има работно искуство стекнато на работното место медицинска сестра во Службата за примарна здравствена заштита во селски средини на ЈЗУ Здравствен дом ----------- ------ за кој ангажман има склучено договор за вработување во 2014 година. При инспекцискиот надзор е констатирано дека од пропишаните услови за директор од членот 104 од Законот за здравствена заштита, нема доставено доказ дека лицето е државјанин на Република Северна Македонија, нема понудено програма за работа на јавната здравствена установа и доказ за активно познавање на англискиот јазик. Воедно, државниот санитарен и здравствен инспектор констатирал дека помеѓу вршителот на должноста директор на ЈЗУ Здравствен дом ----------- ------ и работодавачот не е склучен менаџерски договор. Државниот санитарен и здравствен инспекторат до Министерството за здравство на ден 05.09.2025 година

доставило Информација за констатирана состојба од извршен вонреден инспекциски надзор во ЈЗУ Здравствен дом ---------- ------.

Државната комисија побара информација од Министерството за здравство како има постапено во врска со добиената информација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за констатираната состојба при извршениот вонреден инспекциски надзор во ЈЗУ Здравствен дом ---------- ------.

Министерството за здравство до Државната комисија достави одговор на барање со прилог документација доставена од лицето -------------- -------------- за именувањето вршител на должноста директор на ЈЗУ Здравствен дом ---------- ------, со појаснување дека за именување на вршител на должноста директор во јавните здравствени установи согласно законските одредби не е потребно да има програма за работа, сертификат за англиски јазик и не се склучува менаџерски договор, како и дека во конкретниот случај -------------- -------------- има пет години работно искуство во ЈЗУ Здравствен дом ---------- ------, што е видно од потврдата за работно искуство издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, што е во согласност со членот 104 став 2 точка 4 од Законот за здравствена заштита.

Имено, според член 104 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24, 170/24 и 31/26), За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно

здравствениот менаџмент со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;

4) има минимум пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување;

5) понуди најквалитетна програма за работа на јавната здравствена установа и

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Според член 111 став 4 на истиот закон, Ако директорот биде разрешен согласно со ставот (1) на овој член, министерот за здравство ќе именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

Според член 110 став 11 од Законот, (11) За вршител на должноста директор се именува лице кое ги исполнува условите од членот 104 став (2) од овој закон, освен условите од точките 5) и 6).

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека не е повреден законот при именувањето на лицето ------------ ------------------- за вршител на должноста директор на ЈЗУ Здравствен дом -------- ----------, поради тоа што именуваното лице ги исполнува сите потребни услови пропишани со Законот за здравствена заштита.

Во конкретниот случај за пријавените наводи постапил и друг надлежен орган - Министерството за здравство, кое според Законот за здравствена заштита е надлежен орган за именување, односно разрешување на директор на јавна здравствена установа, при што е утврдено дека именуваното лице ги исполнува законските услови за вршител на должноста директор.

Имајќи предвид дека не е констатирано постоење на состојба спротивна на закон, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М., член на ДКСК